Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - СТРУГА
IP QENDRA NDËRKOMUNALE PËR PUNË SOCIALE - STRUGË
Бр.Nr. 04-1948/7
07.08 2025 г.v.
СТРУГА - STRUGË

Врз основа на чл. 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/2024) како и Правилникот за систематизација на работните места во Јавната Установа Меѓуопштински центар за социјална работа Струга бр. 02-211/2 од 26.06.2019 година, бр. 02-504/2 од 10.12.2019 година и бр. 02-1671/2 од 21.05.2025 година а врз претходна добиена согласност од Министерството за финансии бр.19-2165/2 од 28.03.2025 година, В.Д. Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Струга на ден 07.08.2025 година донесува

## О Д Л У К А

**За избор на кандидат за административен службеник по објавен јавен оглас**

1. За работно место **Благајник II со шифра на работно место СОЗ0102Г02003** - Г2 - Помошно стручен - II ниво во Оддел за административно и помошно-технички работи во ЈУМ Центар за социјална работа Струга се избира кандидатот

- Мајлинда Асани

2. Именуваната ќе биде вработена на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на Јавен оглас бр.659/2025 од 01.07.2025 година објавен на интернет страницата на Агенцијата за администрација и во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен печат" и "Коха", Комисијата за слекција за вработување при Агаенцијата за администрација формирана со Решение бр.10-1617/4 од 08.07.2025 година и бр.10-1617/6 од 04.08.2025 година, спроведе постапка за административна селкција за административен службеник и состави Записник од извршена административна селекција за административен службеник бр.10-1617/5 од 24.07.2025 година, постапка за спроведување на испит за административен службеник и состави Записник бр.10-1617/7 од 04.08.2025 година и спроведе постапка за проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник и состави Записник бр.10-1617/8 од 06.08.2025 година за работното место **Благајник II со шифра на работно место СОЗ0102Г02003** - Г2 - Помошно стручен - II ниво.

По спроведената постапка за проверка на веродостојноста на доказите, испитот за административен службеник, интервјуто и извршеното бодување, Комисијата за селекција за вработување изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидат по Јавен оглас бр.659/2025 од 01.07.2025 година на Агенцијата за администрација бр.10-1617/9 од 06.08.2025 година врз основа на кој В.Д. Директорот на ЈУМ Центар за социјална работа Струга се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до:

- Агенција за администрација
- Именуваната
- архива
- оддел за административни работи

**В.Д. Директор - U.D. Drejtor**

**Едмир Тела Edmir Tela**